РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2015 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Безански цени ....6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....9

Валутна структура ....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ....11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....15

Депозитен потенцијал ....15

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....17

Пазар на капитал ....17

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2015 година

- Индустриското производство во мај 2015 година во споредба со мај 2014 година забележа пад од 5%;

- Годишната стапка на инфлација во мај 2015 година изнесува 0,3%, со што продолжи растот на потрошувачките цени, но со ниска динамика;

- Извозот во периодот јануари – мај 2015 година забележа раст од 10,5%, а увозот бележи раст од 4,4%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 6,9% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2015 година изнесуваа 65.912 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 14,3% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 73.814 милиони денари, што е за 4,0% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити забележаа раст од 9,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 8,4%.

# *РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во мај 2015 година забележа пад од 5% на годишна основа. Падот се должи на намалувањето на производството во сите сектори, но најмногу во Преработувачката индустрија од 4,3% и придонес во вкупниот пад на индустриското производство од 3,5 процентни поени. Во секторите Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација и Рударство и вадење на камен индустриското производство е намалено за 13,1% односно 5,8%.






* Пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во мај 2015 година има во гранката Производство на други неметални минерални производи (1 п.п.), а најголем негативен придонес има во гранката Производство на тутунски производи (2 п.п.).

Податоците за индустриското производство по наменски групи во мај 2015 година во однос на мај 2014 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 19,9% и Капитални производи од 6,5%. Пад е забележан во групите: Енергија од 16%, Нетрајни

производи за широка потрошувачка од 10,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,7%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во мај 2015 година забележа раст од 1,9%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,8%, додека намалување на бројот на работници е забележан во останатите два сектора: Рударство и вадење камен од 7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 17,7%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,2% и Трајни производи за широка потрошувачка за 2%, додека пад е регистиран кај групите Енергија од 2,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, а поповолна и во однос на мај 2014 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај 2015 година изнесува 63,7%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 63,0%. Споредено со истиот период од претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,6 п.п..

Во мај 2015 година, согласно со оценката на раководителите на деловните субјекти, како фактори кои имаа најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството се посочени следниве: недоволната странска побарувачка со 24,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 24,3%, недоволната домашна побарувачка со 23,7%, финансиските проблеми со 6,1%, како и неизвесното економско окружување со 4,7% и конкурентниот увоз со 4,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај 2015 во однос на април 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2015 година издадени се 186 одобренија за градење, што е за 4,1% помалку во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален за 11,4% во однос на април 2015 година, кога беа издадени 210 одобренија. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај е намалена за 24,8% во однос на истиот период претходната година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи раст од 75,4%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 128 (или 68,8%) се наменети за објекти од високоградба, 23 (или 12,4%) за објекти од нискоградба и 35 (или 18,8%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 186 издадени одобренија за градба, на 137 (или 73,7%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 49 објекти (или 26,3%) инвеститори се деловни субјекти. Во мај 2015 година предвидена е изградба на 332 станови, со вкупна корисна површина од 28.748 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 34,1% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на април 2015 година е намален за 19,4%.




## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во мај 2015 година изнесува 0,3%, со што продолжи растот на потрошувачките цени, но со ниска динамика.

Просечниот раст на потрошувачките цени во периодот јануари - мај 2015 година изнесува -0,5%. Категоријата Храна и

безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во мај забележа годишен раст од 0,6%, при што зголемувањето на цените е највисоко во поткатегоријата Зеленчук од 9,8%. Највисок годишен раст на цените во мај е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,8%, следен со порастот на цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,7% итн. Пад на цените е забележан во категориите Транспорт и Комуникации од 6,9% и 5,7% соодветно.




Потрошувачките цени во мај 2015 година регистрираа зголемување од 0,5% во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,3%, главно како резултат на растот на цените во поткатегориите Овошје и Масло и маснотии. Позначителен пораст на цените во мај е регистриран во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Транспорт од по 2,1% и Облека и обувки од 2,0%. Во мај пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите: Здравје од 2,7%, Комуникации од 0,3% и Ресторани и хотели од 0,2%.

Цените на мало во мај 2015 година во однос на истиот месец од претходната година се намалени за 0,6%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се повисоки за 0,6%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари - мај 2015 година изнесува -2,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2015 година забележа месечен раст од 8,7% и достигна цена од 64,6 долари за барел. Во однос на истиот месец од претходната година цената на нафтата е пониска за 41,1%. Во мај цената на природниот гас се зголеми за 3,5% на месечна основа.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во мај 2015 година се тргуваше со просечна цена од 13.511 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува зголемување на цената од 5,3% во однос на претходниот месец. Споредено со мај 2014 година цената на никелот бележи пад од 30,4%. Во мај, месечно зголемување се забележува и кај цената на бакарот и цинкот, за 4,2% и 3,1% соодветно. Останатите основни метали бележат намалување на цените. Така, цената на алуминиумот се намали за 0,8%, на оловото за 0,7 и на калајот за 0,6%. Цената на железната руда во мај е повисока за 15,4% споредено со април.

Во однос на благородните метали, цената на среброто во мај се зголеми за 3,0%, цената на платината се намали за 0,9%, додека пак цената на златото остана непроменета во однос на претходниот месец.




Анализирано на месечна основа во мај 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 3,7%, а цената на пченката за 3,3%. Цената на јагнешкото месо во мај забележа месечно зголемување од 2,0%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите пет месеца од 2015 година изнесува 3.850,4 милиони евра, што претставува раст од 6,9% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари–мај од 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,9%, што претставува намалување од 1,1 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - мај од 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 1.576,4 милиони евра и бележи раст од 10,5% (150,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 8,6%.

Во мај 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 351,3милиони евра и бележи раст од 11,0% (34,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 0,3%.




Анализирано на месечно ниво, во мај 2015 година извозот бележи раст од 19,0% (56,1 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 8,3% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 55,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – мај од 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација

за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи пад од 12,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 23,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 76,9% и 11,5% соодветно.




## Увоз

Во периодот јануари - мај од 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 2.274,0 милиони евра и бележи раст од 4,5% (98,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 0,5%.

Вредноста на увозот во мај 2015 година изнесува 468,3 милиони евра, што претставува намалување за 2,3% (10,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини на стоки се намалени за 1,7%.




Анализирано на месечно ниво, во мај 2015 година увозот бележи пад од 5,9% (29,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 3,5%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 44,7 | 20,3 | -24,3 | -54,5 |
| Мил. ЕУР | 18,4 | 11,5 | -6,9 | -37,5 |
| Мил.$ | 25,2 | 12,8 | -12,4 | -49,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 378,5 | 364,6 | -13,9 | -3,7 |
| Мил. ЕУР | 214,2 | 167,2 | -47,0 | -21,9 |
| Мил.$ | 294,2 | 185,8 | -108,3 | -36,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,6 | 7,5 | 1,9 | 34,0 |
| Мил. ЕУР | 253,4 | 302,7 | 49,3 | 19,5 |
| Мил.$ | 347,9 | 336,1 | -11,9 | -3,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,5 | 12,4 | -0,1 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 35,0 | 282,5 | 247,5 | 707,0 |
| Мил.$ | 48,2 | 53,6 | 5,5 | 11,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 240,7 | 240,8 | 0,0 | 0,0 |
| Мил. ЕУР | 228,3 | 233,7 | 5,3 | 2,3 |
| Мил.$ | 313,1 | 258,7 | -54,4 | -17,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2014 | I - V - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 211,0 | 252,1 | 41,2 | 19,5 |
| Мил. ЕУР | 103,8 | 120,4 | 16,6 | 16,0 |
| Мил.$ | 142,5 | 133,4 | -9,1 | -6,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите пет месеци од 2015 година трговскиот дефицит се намали за 6,9% односно 51,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2015 година трговскиот дефицит се намали за 28,0% односно 45,5 милиони евра споредено со мај минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – мај од 2015 година 82,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Русија, а потоа следуваат: Турција, Кина, Италија, Романија, Австрија, Словенија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина, Шпанија и Швајцарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 81,7% од трговската размена во периодот јануари - мај од 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 4,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 86,8% и 78,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,5 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 7,3 п.п. во однос на периодот јануари – мај од 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - V - 2014 | | | | | I - V - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.273,4 | 1.539.357.549 | 61,6445 | 94.892.926.402 | 70,8 | 1.305,9 | 1.774.663.138 | 61,5694 | 109.264.944.628 | 78,1 | 235.305.590 | 15,3 |
| УСД | 1.049,5 | 577.681.467 | 44,8977 | 25.936.569.221 | 19,4 | 1.028,1 | 521.058.463 | 55,1796 | 28.751.797.564 | 20,6 | -56.623.004 | -9,8 |
| ГБП | 1,9 | 162.044.814 | 74,7234 | 12.108.539.436 | 9,0 | 2,6 | 7.953.022 | 83,7734 | 666.251.720 | 0,5 | -154.091.791 | -95,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.324,8 | | | 132.938.035.060 | 90,1 | 2.336,6 | | | 138.682.993.912 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 2.329,2 | | | 134.035.208.190 | 100,0 | 2.340,6 | | | 139.885.064.724 | 100,0 | | 4,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Во периодот јануари – мај 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 65.912 милиони денари, односно 11,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 14,3% во однос на истиот период 2014 година.




Даночните приходи за првите пет месеци се реализирани во износ од 38.093 милиони денари, односно 6,9% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 15,9%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 16.574 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 43,5%. Акцизите се остварени во износ од 7.776 милиони денари (учество од 20,4% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни даноци во овој период се остварени приходи од 24.350 милиони денари, што претставува 63,9% од вкупните даночни приходи (4,4% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 23.907 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.333 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 0,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 14,7% споредено со истиот период 2014 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ на увоз кој забележува пад од 2,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 5,5%, учеството на ДДВ донациите е незначително и забележува помало остварување за 67,2%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 5.017 милиони денари и забележуваат раст од 6,0% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 66,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,0% од приходи од капитал, 5,5% по

основ на договор на дело и 4,0% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период во 2014 година приходите од данокот од добивка во износ од 6.805 милиони денари забележаа зголемување од 185,1%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 65,1% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 23,9%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 6,0% и 4,4% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 5,9%, додека акцизите забележаа зголемување од 32,0%. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.664 милиони денари и забележаа намалување од 7,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 257 милиони денари забележаа пад од 42,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.089 милиони денари и во однос на истиот период 2014 година забележаа раст од 19,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 1.552 милиони денари (од вкупните приходи по оваа основа 875 милиони денари се средствата од дивидендата на АД Македонски Телеком уплатена во месец мај), што претставува зголемување од 32,0% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 1.539 милиони денари, односно повеќе за 45,6% во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 18.761 милиони денари, што е повеќе за 7,2% споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 7,0%, кај придонесите за здравствено осигурување 7,5% и кај придонесите за вработување од 7,4%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари – мај 2015 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 73.814 милиони денари, односно 13,4% од БДП, што е повеќе за 4,0% во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 67.344 милиони денари се зголемени за 6,2% во однос на истиот период во 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 47.786 милиони денари и истите учествуваа со 64,7% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 10.044 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,6%, а во однос на 2014 година се зголемени за 5,7%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.599 милиони денари, со учество од 10,3% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се повеќе реализирани за 9,1%.

Социјалните трансфери изнесуваа 33.775 милиони денари и забележаа раст од 5,1% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 45,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 20.598 милиони денари, со реализација која е зголемена за 4,1%, споредено со истиот период 2014 година и учество од 27,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи учествуваа со 18,2%, односно забележаа зголемување од 6,2%, споредено со истиот период 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.132 милиони денари, беа реализирани за 2,6% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 6.566 милиони денари учествуваат со 8,9% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 1.915 милиони денари, што е повеќе за 7,9% во споредба со истиот период 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 11,8%, додека за странство беа зголемени за 3,4%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 6.470 милиони денари со структурно учество од 8,8% во вкупните расходи (1,2% учество во БДП).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2015 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 7.902 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 6.252 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - мај 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 73.456 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е поголем за 2,6% во однос на истиот период од 2014 година. Од вкупниот број нововработени, 50,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење



сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2015 година 27,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број на невработени лица изнесува 221.358 лица, од кои 123.892 се активни баратели на работа, а 97.466 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број на невработени лица е поголем за 1,9%.




Најголем дел од невработените лица (69,4%) се градско население, а 60,0% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 15,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 37,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2015 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,6%. Најголем раст на просечната нето – плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење на камен (32,9%), Уметност, забава и рекреација (9,8%), и Други услужни дејности (9,5%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 2,6%.







Просечната номинална бруто-плата во април 2015 година оствари годишен раст од 2,9%, а во однос на претходниот месец таа е повисока за 1,5%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во

следните сектори: Рударство и вадење на камен (32,6%), Други услужни дејности (10,3%) и Уметност, забава и рекреација (9,9%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,8%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во април 2015 година изнесува 1,5% и во однос на истиот месец претходната година е непроменет, а повисок за 0,4 п.п. во однос на март 2015 година.

## Пензии

Во мај 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 296.130 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот период од минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 399 лица. Од вкупниот број пензионери, 59,9% се корисници на старосна пензија, 25,8% на семејна пензија и 14,3% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2015 година изнесува 12.449 денари и е непроменета во однос на истиот месец од минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,2%.




Просечната старосна пензија во мај изнесува 13.858 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.189 денари, а просечната семејна пензија изнесува 9.850 денари. За исплата на пензиите во мај 2015 година се потрошени 3.594,85 милиони денари, што претставува 53,3% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во мај 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во мај 2015 година примарните пари[1] регистрираа раст од 11,7% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 18,4%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 6,0%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 4,5%, при раст на вкупните ликвидни средства на банките од 5,1% и раст на готовите пари во оптек од 3,8%.

## Депозитен потенцијал

Во текот на месец мај вкупните депозити на банките регистрираа пад од 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека, депозитите на приватните

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 286130 | -1,0 | 8,4 |
| Денари | 168462 | -1,0 | 11,3 |
| Странска валута | 117668 | -1,1 | 4,4 |
| Краткорочен | 145170 | -1,9 | 1,0 |
| Долгорочен | 78718 | -1,1 | 12,8 |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 262864 | 0,9 | 9,5 |
| Денари | 206254 | 1,2 | 11,0 |
| Странска валута | 56610 | -0,1 | 4,3 |

Извор: НБРМ

претпријатија исто така забележаа пад од 2,3%, а депозитите на домаќинствата се намалија за 0,6% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа пад од 1,0%, а депозитите во странска валута се намалија за 1,1% во споредба со претходниот месец.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2015 година оствари раст од 8,4% на годишна основа. Анализирано според валутата растот доминантно беше воден од зголемувањето на депозитите во домашна валута од 11,3%, а истовремено депозитите во странска валута се зголемија за 4,4%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата




[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

овој месец бележат раст од 6,9%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 12,5%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 12,8%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,0%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

## Кредити на банките

Во мај 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,9% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во мај оствари раст од 1,7%, истовремено и кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,4%. Од аспект на валутата, во мај 2015 година денарските кредити се зголемија за 1,2%, а девизните кредити забележаа пад од 0,1% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во мај 2015 година вкупните кредити се зголемија за 9,5%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 7,2% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,0% а кредитите во странска валута регистрираа раст од 4,3%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,1%, а краткорочните кредити се повисоки за 6,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2015 година каматните стапки бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,8%[2] и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец. Каматните стапки на денарските кредити исто така бележат намалување за 0,1 п.п и изнесуваат 7,1%, додека каматните стапки на девизните кредити се непроменети во однос на минатиот месеци изнесуваат 5,9%. Вкупната каматна стапка на депозитите останува непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 2,2%. Каматните стапки на денарските депозити се непроменети и изнесуваат 3,0%, додека каматните стапки на девизните депозити се намалени за 0,1 п.п. и изнесуваат 1,3%.




[2]Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки. Овие промени во статистиката на каматните стапки произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал во месец мај 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад на месечно ниво односно се намали за 27,0%, што е резултат на падот на прометот од класичното тргување за 32,2%.

Вкупниот промет на берзата во мај изнесуваше 121 милиони денари што претставува пад од 62,3% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во мај 2015 година изнесуваше 1.651,57 индексни поени, што претставува пад од 2,8% на месечно ниво, додека во однос на истиот период претходната година индексот е понизок за 6,1%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2015 година изнесуваа 2.328,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 15,8 милиони евра, додека во однос на мај минатата година се зголемени за 408,4 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk